ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
03Су Бр / Nr. 57/22
26.01. 2022 год. / v.
СКОПЈЕ/SHKUP

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми, согласно член 88 став 1 и 3 во врска со член 39 став 4 и 5 од Законот за судовите, член 13, член 112 од Судскиот деловник, утврдената Програма за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2022 година 03Су.бр.923/21 од 28.12.2021 година и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.14 од 20.01.2022 година), по претходно мислење за Годишниот распоред за работа на Судот дадено од Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија од 24.12.2021 година, на ден 26.01.2022 година, го утврди следниот:

# *ГОДИШЕН РАСПОРЕД*
## *за работа на Претседателот и судиите во Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2022 година*

## I
## СУДСКА УПРАВА

**А.I. Претседателот на Судот Беса Адеми** ќе ги извршува работите од делот на Судска управа, ќе ја организира работата, ќе раководи и управува со Судот.

**Претседателот на Судот** ќе ги извршува работите и работните задачи за кои е надлежен согласно Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 62/06, 35/08 и 150/10, 83/18, 198/18 и 96/19), Законот на Судскиот совет на РСМ „Службен весник на РСМ" бр.102/19 и Судскиот деловник, и тоа**:**

-ќе го претставува Судот,

-ќе ја организира работата и ќе презема мерки заради навремено и уредно вршење на работите во Судот и заради обезбедување на примена на Судскиот деловник,

-ќе постапува по претставки, поплаки и предлози на странки и други органи од уписникот УПП,

-ќе постапува по барањата за изземања поднесени од судиите и од странките од уписник СУ-ИЗЗ,

-ќе постапува по предмети од уписниците Су, Су01, Су03, Су04, Су05, Су-06, Су-ДОВ, Су-Стр.Строг.ДОВ и

-ќе раководи со Одделот за граѓански дела како Претседател на Оддел.

**А.II.** За заменик на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија **Беса Адеми,** се определува судијата **Цветанка Периќ**, која ќе го заменува Претседателот во негово отсуство**.**

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА СУДОТ ПО ОДДЕЛИ

## II

## ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

**Б.I. Во Одделот за казниви дела се распоредуваат судиите:**

1. **Цветанка Периќ - Претседател**
2. **д-р Џемали Саити - член**
3. **Африм Фидани - член**
4. **Мирјана Лазарова Трајковска - член**
5. **м-р Сафет Кадрии - член**

**Б.II.** За претседател на Одделот за казниви дела се распоредува судијата **Цветанка Периќ,** а за нејзин заменик се распоредува судијата **м-р Сафет Кадрии.**

**Б.III.** Советите од петмина судии кои ќе постапуваат по сите видови предмети во овој оддел се во следниот состав:

1. **Цветанка Периќ - Претседател**
2. **д-р Џемали Саити - член**
3. **Африм Фидани - член**
4. **Мирјана Лазарова Трајковска - член**
5. **м-р Сафет Кадрии – член**

**Б.IV.**Советите од тројца судии Претседателот на советот ќе ги формира од судиите кои се распоредени во советот од петтмина судии.

**Б.V.** Во случај на спреченост на претседателот на советот и други оправдани причини, за заменик на претседателот на советот се определува **судијата м-р Сафет Кадрии**. За заменик на член на советот во случај на спреченост или други оправдани причини, се определуваат **судиите м-р Фаик Арслани, Јелица Крстевска и Наке Георгиев**.

**Б.VI.** Претседателот на Одделот, односно Претседателот на советот, судијата **Цветанка Периќ** не се задолжува со предмети**.**

**Б.VII-а.** Согласно член 103 од Законот за правда за децата ("Службен весник на РМ" бр.148/13), се формира совет за деца од петмина судии, во следниот состав:

1. **Цветанка Периќ - Претседател**
2. **д-р Џемали Саити - член**
3. **Африм Фидани - член**
4. **д-р Мирјана Лазарова Трајковска - член**
5. **м-р Сафет Кадрии - член**

**Б.VII-б.** Во случај на спреченост на претседателот на советот и други оправдани причини, за заменик на претседателот на советот се определува

**судијата м-р Сафет Кадрии**. За заменик на член на советот во случај на спреченост или други оправдани причини, се определува **судијата м-р Фаик Арслани.**

**Б.VIII.** Согласно член 21 став 1 од Законот за следење на комуникациите ("Службен весник на РМ" бр.71/18), за судија кој ќе одлучува по барањата за донесување на наредба за следење на комуникациите, се определува **судијата Беса Адеми**, а за нејзин заменик, **судијата Цветанка Периќ.**

**Б.IX.** Согласно член 21 став 3 од наведениот закон, се формира совет од тројца судии кој ќе одлучува по приговорите поднесени против известувањето за несогласување од судијата, во следниот состав:

1. **д-р Мирјана Лазарова Трајковска - претседател**
2. **Африм Фидани – член**
3. **м-р Сафет Кадрии - член**

**Б.X.** Во случај на спреченост на претседателот на советот и други оправдани причини, за заменик на претседателот на советот се определува **судијата м-р Сафет Кадрии,** а за заменик на член на советот во случај на спреченост или други оправдани причини, се определува **судијата д-р Џемали Саити.**

Изготвувањето на одлуките, потпишувањето, верификацијата и експедицијата на истите да се врши во законските определените рокови и во разумен рок.

**Б.XI.** Деновите кога ќе заседаваат советите за предметно судење ги определува претседателот на Одделот.

## III
## ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

**В.I. Во Одделот за граѓански дела се распоредуваат судиите:**

1. **Беса Адеми**
2. **Васил Грчев**
3. **Мирјана Радевска Стефкова**
4. **Владимир Стојаноски**
5. **Јелица Крстевска**
6. **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија**
7. **Исамедин Лимани**
8. **Шпенд Деваја**
9. **м-р Снежана Бајлозова**
10. **Наке Георгиев**
11. **Лидија Мартинова**

**В.II.** За претседател на Одделот за граѓански дела се распоредува судијата **Беса Адеми**, а за заменик судијата **Шпедн Деваја.**

**В.III. Првиот совет од петмина судии** кои ќе постапуваат по предметите **Рев1, Рев2 и Рев3, е во следниот сосстав:**

1. **м-р Снежана Бајлозова – претседател**
2. **Васил Грчев – член**
3. **Владимир Стојаноски - член**
4. **Јелица Крстевска - член**
5. **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија – член**

Претседателот на советот, судијата **м-р Снежана Бајлозова** не се задолжува со предмети.

**В.IV. Вториот совет од петмина судии** кои ќе постапуваат по предметите **Рев1, Рев2 и Рев3, е во следниот состав:**

1. **Шпенд Деваја – претседател**
2. **Мирјана Радевска Стефкова – член**
3. **Исамедин Лимани– член**
4. **Лидија Мартинова – член**
5. **Наке Георгиев - член**

Претседателот на советот, **судијата Шпенд Деваја** не се задолжува со предмети.

**В.V.** Во случај на отсуство и спреченост и заради други оправдани причини претседателите на советите меѓусебно ќе се заменуваат.

**В.VI.** Во случај на отсуство и спреченост заради други оправдани причини на член на советот, заменик на членот ќе се определи на следниот начин:

-за заменик на првиот член на првиот совет се определува првиот член на вториот совет и обратно.

-за заменик на вториот член на првиот совет се определува вториот член на вториот совет и обратно.

-за заменик на третиот член на првиот совет се определува третиот член на вториот совет и обратно.

-за заменик на четвртиот член на првиот совет се определува четвртиот член на вториот совет и обратно.

**В.VII.**Претседателите на советите ќе ги формираат советите од тројца судии за постапување по разни граѓански предмети **"Р"** од членовите на нивните совети.

**В.VIII.**Изготвувањето на одлуките, потпишувањето, верификацијата и експедицијата на истите да се врши во законски определените рокови и во разумен рок.

**В.IX.** Деновите кога ќе заседаваат советите за предметно судење ги определува претседателот на Одделот заедно со Претседателите на советите.

## IV

## ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

**Г.I. Во овој Оддел се распоредуваат судиите:**

1. **Васил Грчев**
2. **Мирјана Радевска Стефкова**
3. **Владимир Стојаноски**
4. **м-р Фаик Арслани**
5. **д-р Џемали Саити**
6. **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија**
7. **Исамедин Лимани**
8. **Африм Фидани**
9. **д-р Мирјана Лазарова Трајковска**
10. **м-р Сафет Кадрии**
11. **Наке Георгиев**

**Г.II.** За претседател на Одделот за судење во разумен рок се распоредува судијата **д-р Мирјана Лазарова Трајковска,** а за нејзин заменик се распоредува судијата **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија.**

Секретарот на Одделот и заменикот по потреба се распоредуваат за работа по предмети, по наоѓање на Претседателите на советите.

**Г.III. Првиот совет од тројца судии** кои ќе одлучуваат по барањата за заштита на правото за судење во разумен рок согласно Законот за судовите (член 36) е во следниот состав:

1. **д-р Мирјана Лазарова Трајковска - претседател**
2. **м-р Сафет Кадрии - член**
3. **Наке Георгиев – член**

**Г.IV. Вториот совет од тројца судии** за одлучување по барањата за заштита на правото за судење во разумен рок согласно Законот за судовите (член 36) е во следниот состав:

1. **д-р Џемали Саити - претседател**
2. **Лидија Мартинова - член**
3. **Африм Фидани - член**

Претседателите на советите, судијата **д-р Мирјана Лазарова Трајковска и** судијата **д-р Џемали Саити,** не се задолжуваат со предмети.

Во случај на отсуство и спреченост и заради други оправдани причини претседателите и членовите на советите меѓусебно ќе се заменуваат.

**Г.V.** Судиите распоредени во Одделот за судење во разумен рок ќе решаваат предмети од сите материи.

**Г.VI.** За одлучување по жалбите против решенијата на советот од тројца судии по барањата за заштита на правото за судење во разумен рок

согласно Законот за измена и дополнување на Законот за судовите (член 36-а), се определува **совет од петмина судии** во следниот состав:

1. **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија – претседател**
2. **Васил Грчев - член**
3. **Мирјана Радевска Стефкова - член**
4. **Владимир Стојаноски - член**
5. **м-р Фаик Арслани - член**

**Г.VII.** Претседателот на советот судијата **Снежана Ѓорѓиеска Зекирија** не се задолжува со предмети. За заменик претседател на советот се определува судијата **Васил Грчев.**

**Г.VIII.** Во случај на отсуство и спреченост заради други оправдани причини, за заменик член се определуваат судиите **Исамедин Лимани и Цветанка Периќ**

**Г. IX.** Изготвувањето на одлуките, потпишувањето, верификацијата и експедицијата на истите да се врши во законски определените рокови и во разумен рок.

**Г. X.** Деновите кога ќе заседаваат советите за предметно судење ги определува претседателот на Одделот.

## V
## СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СОВЕТИ

**Ѓ.I.** За одлучување по жалби против одлуки на Управниот суд од член 62 од Законот за управните спорови, по предлог за заштита поради незаконито дејствие, **првиот совет** од тројца судии е во следниот состав:

1. **Исамедин Лимани – претседател**
2. **Владимир Стојаноски - член**
3. **м-р Сафет Кадрии - член**

**Ѓ.II.** За одлучување по жалби против одлуки на Управниот суд од член 62 од Законот за управните спорови, по предлог за заштита поради незаконито дејствие, **вториот совет** од тројца судии е во следниот состав:

1. **Африм Фидани – претседател**
2. **Васил Грчев – член**
3. **Јелица Крстевска – член**

**Ѓ.III.** Во случај на отсуство и спреченост заради други оправдани причини на Претседателот или член на советот, за заменик Претседател на советот односно член на советот, се определуваат **судиите Снежана Ѓорѓиеска Зекирија и м-р Сафет Кадрии.**

**Ѓ.IV.** Согласно член 49 став 5 од Законот за судскиот совет, се формира совет од петмина судии кој ќе одлучува по жалба на кандидат кој не е избран за судија, во следниот состав:

1. **м-р Фаик Арслани - Претседател**
2. **Владимир Стојаноски - член**
3. **Јелица Крстевска - член**
4. **м-р Сафет Кадрии - член**
5. **Наке Георгиев – член**

Во случај на отсуство и спреченост заради други оправдани причини на Претседателот или член на советот, за заменик Претседател на советот се определува **судијата д-р Џемали Саити,** а за заменик член на советот, се определуваат **судиите Шпенд Деваја и м-р Снежана Бајлозова.**

## VI
## ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА

**Е.I. Во овој Оддел се распоредуваат судиите како претседатели на оддели:**

1. **Беса Адеми**
2. **м-р Снежана Бајлозова**
3. **Цветанка Periќ**
4. **д-р Мирјана Лазарова Трајковска**

За Претседател на Одделот за судска практика, се определува судијата **м-р Снежана Бајлозова,** а за заменик претседател судијата **д-р Мирјана Лазарова Трајковска.**

## VII
## РАСПРЕДЕЛБА НА ПРЕДМЕТИ

Согласно член 174 од Судскиот деловник, предметите на судиите ќе им се доделуваат во работа со автоматска распределба преку АКМИС Програмата.

Согласно член 174 став 4 од Судскиот деловник, со посебна Одлука, составен дел на овој Годишен распоред за секое од одделите ќе биде определен одговорен судски службеник и негов заменик за автоматска распределба, согласно Распоред за работа на судските службеници.

## О б р а з л о ж е н и е

Годишниот распоред за работа е донесен согласно цитираните законски и деловнички одредби, а притоа имајќи го предвид обемот и потребите за работата во Врховниот суд на Република Северна Македонија, утврдената Програма за работа за 2022 година, прибавеното мислење од Општата седница и постојниот број на судии во Судот.

Имено, во Врховниот суд на Република Северна Македонија на почетокот на 2022 година судиската функција ја извршуваат само 17 судии, вклучително и Претседателот на Судот, споредено со претходната година. Ова од причина што, во текот на 2021 година е разрешен еден судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија, а исто така со решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија број 10-41/10 од 15.07.2021 година еден судија е времено оддалечен од вршење на судиската функција во Врховниот суд на Република Северна Македонија до правосилно окончување на постапката за утврдување на одговорост на судија, која постапка сеуште не е завршена. Со решение на Судскиот совет на Република Северна Македонија на судијата Емилија Илиевска и е утврдено мирување на судиската функција во Врховниот суд на Република Северна Македонија од 31.12.2021 година заклучно со 31.01.2026 година.

Во текот на годината доколку се јави потреба од прераспределба на предмети поради зголемен обем на работа и други причини, или во случаите од член 179 од Судскот деловник, Претседателот на Судот ќе донесе измени и дополнувања на Годишниот распоред за работа за 2022 година кои ќе бидат составен дел на истиот.

Согласно измените во составот на советите, предметите кои се со автоматска распределба доделени на судиите, а истите не се реферирани или не е донесена одлука, автоматски ќе се прераспределат согласно Судскиот деловник.

Согласно измените во составот на советите, предметите кои се наоѓаат во работа кај судиите, а се реферирани или е донесена одлука да се завршат во истите совети, освен предметите на судијата Емилија Илиевска.

Овој распоред влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по неговата правосилност.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВРХОВНИОТ СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KRYETARJA E GJYKATËS SUPREME TË REPUBLIKËS SË**
**MAQEDONISË SË VERIUT**

**Besa Ademi**

**НАПОМЕНА:** Согласно член 39 став 11 од Законот за судовите, против Годишниот распоред за работа за 2022 година, судијата може да поднесе приговор во рок од 3-три дена по приемот на истиот.

**Доставено до:**
- Судиите
- Судскиот администратор
- водители на писарници
- сметководство
- ИТ центар
- архива